# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 14 февруари 1987
Скопје
Број 3 Год. XLIII

Аконтацијата за 1987 година изнесува 5.800 динари. Овој број чини 200 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**30.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ И НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 28 јануари 1987 година.

Бр. 08-294
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ И НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77), по член 72 се додава нов член кој гласи:

„Член 72-а

Конкурсната комисија за именување на работоводен орган во основната и здружената банка и во заедница за осигурување се состои од 8 членови од кои 2 члена именува собранието на банката, односно собранието на заедницата за осигурување, 2 основната организација на синдикатот на банката, односно заедницата за осигурување и по 2 члена именуваат собранието на општината и сојузот на синдикатите на општината на чие подрачје е седиштето на основната банка, а во основните банки основани за подрачјето на две или повеќе општини, во здружената банка и во заедницата за осигурување по 2 члена именуваат Собранието на Социјалистичка Република Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**31.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 5 и член 389 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИКАТА

За членови на Советот на Републиката се избираат:

Абдул Абдурахман,
Вангел Ајановски,
Димитар Алексовски,
Борис Алексоски,
Димитар Алексов,
Нафи Алиевски,
Урош Андреевски,
Методи Антов,
Мелко Антевски,
Ванчо Апостолски,
Миле Арнаутовски,
Ленче Арсова,
Боро Арсовски,
м-р Герасим Атанасов,
Ратка Бакалиноска,
Џавит Беговски,
Илија Беличанец,
Златко Билјановски,
Кочо Битољану,
Мире Блажевски,
Пејко Блажевски,
Ванчо Близнаковски,
д-р Стерјо Боздов,
Ангеле Божиновски,
Диме Бојановски,
Марија Бошкова,
Филип Брајковски,
Митко Брзилов,
Ванчо Бурзевски,
Џемаил Вејсели,
Седат Вели,
Милка Вранешевиќ,
Душко Георгиев,
Иван Георгиевски,
Лазар Гиновски,
Александар Груевски,
д-р Трајче Грујоски,
д-р Асен Групче,
Ѓоре Дамески,
Галип Дема,
Мице Димески,
Димче Димитриевски,
Бранислав Димковски,
Димитрија Домузлиски,
Ристо Дуковски,
Трајан Гошевски,
Идриз Емин,
Васил Златев,
Ибраими Ибраим,
Михајло Ивановски,
Павле Игновски,
Ѓорѓи Икономов,
Васил Иљовски,
Александар Ицев,

Блашко Јаневски,
Коце Јанески,
Трпе Јаковлевски,
Јовко Јовковски,
Лазар Калајџиски,
Јово Камберски,
Аспарух Каневче,
Мустафа Карахасан,
Маца Карбева,
Вергула Кардула,
Асан Керим,
Димче Кирајџиски,
Жамила Колономос,
Перо Д. Коробар.
Фана Кочовска-Цветковиќ,
Јордан Костадиновски,
Мети Крлиу,
Ратка Крстевска,
Орде Кузмановски,
Тома Кутурец,
Борка Лазески,
Боче Ламбевски,
Ката Лахтова,
Благој Левков,
Димче Левков,
Лилјана Манева,
Михајло Милошевски,
Мино Миновски,
Никола Митевски,
Кирил Михајловски,
Ангеле Михајловски,
Филимена Михајлова,
Ламбе Михајловски,
Осман Мифтари,
Мито Мицајков,
Михајло Мургешански,
Кемал Мусли,
Керима Муча,
Перо Менковски,
Кице Најдовски,
Тодор Настовски,
Ели Наумова,
Круме Наумовски,
д-р Јонче Неделковски,
Аризон Несторовски,
Вангел Нечевски,
Џоџа Николовски,
Глигор Новаков,
Негре Новаковски,
Петре Новачевски,
Абдула Османи,
Вера Оровчанец,
Илија Оровчанец,
Галаба Паликрушева,
Борис Панзов,
Стојан Пановски,
Наум Пејов,
д-р Кирил Пенушлиски,
Боро Пекевски,
Рупе Пере,
Дане Петковски,
Даница Поповска,
Блага Фиданоска-Попоска,
инж. Славко Попантовски,
Тошо Поповски,
Бота Попова-Трендова,
Никола Поповски,
Јаков Поповски,
Славе Поповски,
Петре Прличков,
Салтир Путински,
Мамут Рамадан,
Хиџет Рамадани,
Блага Рампова-Белчева,
Ѓоре Рибароски,
Благоја Ристоманов,
Ленче Секуловска,
Гојко Секуловски,
д-р Асен Симитчиев,
Исак Сион,
Тодор Скаловски,
Милан Сланев,
Коце Солунски,
Киро Сотировски,
Славка Фиданова-Софрониевска,
д-р Александар Спасов,
Драган Спировски,
Бошко Станковски,
Димче Стојанов,
Бранко Стојковски,
Трајко Стојковски,
Хамид Таки,
Драги Трајановски,
Панде Ташковски,
Мито Теменугов,
Благоја Тикваровски,
Фана Тозија,
Живко Годоровски,
Панде Толевски,
Драги Трајановски,
Танаско Трајковски,
Трајко Трајковски,
Блаже Трајковски,
Кочо Тулевски,
Ценка Тутеска,
Васил Туџаров,
Стојан Ќосев,
Димитар Ќостаров,
Ванчо Унковски,
д-р Ѓорѓи Филиповски,
Ванчо Фончев,
Бранко Фрицханд,
Ванчо Цветковски,
Дане Цеков,
Лазо Хаџи-Поповски,
Коле Чашуле,
Тихомир Шаревски,
Рамо Шукри.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-273
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

---

**32.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА

Се разрешува од должноста директор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта м-р Ѓорѓи Мојсов, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

За директор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, се именува д-р Наумче Велковски, советник во Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-262
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

**33.**

Врз основа на член 61 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 36/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГУВЕРНЕРОТ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА**

Се разрешува од должноста заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија Ванчо Петров, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

За заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија се именува д-р Љупчо Трпевски, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-263
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**34.**

Врз основа на член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Се разрешува од должноста заменик на претседателот на Комисијата за односи со верските заедници Иван Мишевски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

Разрешувањето се врши сметано со 31 јануари 1987 година.

За заменик на претседателот на Комисијата за односи со верските заедници се именува Драгољуб Димовски, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на општина Куманово.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-264
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**35.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА**

За судија на Окружниот суд во Битола се избира Димитар Лазаревски, судија на Окружниот суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-265
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**36.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА**

Се разрешува од должноста претседател на Окружниот суд во Битола Александар Талевски, поради избор на функција во друг орган.

За претседател на Окружниот суд во Битола се избира м-р Божидар Кочов, судија на Окружниот суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-266
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**37.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ**

Се разрешува од должноста судија на Окружниот суд во Скопје Стојан Петровски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

За судии на Окружниот суд во Скопје се избираат:

Ефто Спировски, судија на Општинскиот суд Скопје I — Скопје,

Стојанка Велкова, судија на Општинскиот суд Скопје II — Скопје,

Маргарита Цаца-Николовска, судија на Општинскиот суд Скопје I — Скопје и

Ангеле Беличковски, судија на Општинскиот суд Скопје II — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-267
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**38.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ**

За судии на Окружниот стопански суд во Скопје се избираат:

Лилјана Саздова, судија на Општинскиот суд Скопје I — Скопје,

Милица Маневска, судија на Општинскиот суд Скопје II — Скопје,

Крумислав Алексов, судија на Општинскиот суд Скопје I — Скопје и

Виолета Муратовска, судија на Општинскиот суд Скопје I — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-268
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**39.**

Врз основа на член 36 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ" број 47/75 и 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

За заменик на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето се именува Радивоје Ангелковски, општествен правобранител на самоуправувањето на град Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-269
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**40.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" бр. 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОКРУЖНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БИТОЛА

Се разрешува од должноста заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Битола Ѓорѓи Бундевски, поради исполнување услови на остварување право на лична пензија.

Разрешувањето се врши сметано со 31 декември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-270
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**41.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" бр. 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОКРУЖНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје Дане Серафимовски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

За заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје се именуваат:

Трајче Китановски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Скопје и

Биљана Бражанска — Бабунска, заменик на општинскиот јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-271
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**42.**

Врз основа на член 44 од Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во Собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" број 41/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

За секретар на Републичката изборна комисија се именува Георгина Мицковска, досегашен секретар на Републичката изборна комисија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-272
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**43.**

Врз основа на член 90 став 2 и член 106 точка 1 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО ШТИП

Се разрешува од должноста претседател на Окружниот стопански суд во Штип Гаврил Дракалски, по негово лично барање.

За претседател на Окружниот стопански суд во Штип се избира Виолета Јосифова, судија на Окружниот суд во Штип.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-277
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**44.**

Врз основа на точка 1 од Амандманот VII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 376, точка 1, алинеја 5 од Уставот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За судија на Уставниот суд на Македонија се избира Димитрија Димишковски, судија на Врховниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-276
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**45.**

Врз основа на член 117 став 2 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ број 15/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МАГИСТРАЛНАТА И РЕГИОНАЛНАТА ПАТНА МРЕЖА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1987 ГОДИНА

Се потврдува Програмата за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Социјалистичка Република Македонија за 1987 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, на седницата одржана на 24 декември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-330
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигоровски,** с. р.

**46.**

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ број 15/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ПАТИШТА СОДРЖАН ВО МАЛОПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА БЕНЗИНОТ И ПЛИНСКОТО МАСЛО ЗА УПОТРЕБА НА ПАТОТ ШТО СЕ ПЛАЌААТ НА ДРУМСКИТЕ МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА И НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ НА СТРАНСКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА, МЕЃУ РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА И ОПШТИНСКИТЕ САМОУПРАВНИ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА ПАТИШТА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за измена на Одлуката за распределба на надоместоците за патишта содржан во малопродажната цена на бензинот и плинското масло за употреба на патот што се плаќаат на друмските моторни и приклучни возила и надоместоците што се плаќаат на странските моторни возила, меѓу Републичката самоуправна интересна заедница за патишта и општинските самоуправни интересни заедници за патишта, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта на седницата одржана на 24 декември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-329
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигоровски,** с. р.

**47.**

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ број 15/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА УПОТРЕБА НА МАГИСТРАЛНИОТ ПАТ БР. 1 (АВТОПАТ) НА ДЕЛНИЦИТЕ ОД КУМАНОВО ДО ТИТОВ ВЕЛЕС

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за воведување и висината на посебниот надоместок за употреба на магистралниот пат бр. 1 (автопат) на делниците од Куманово до Титов Велес, што ја донесе Собранието

на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, на седницата одржана на 24 декември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-328
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигоровски,** с. р.

**48.**

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" број 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на Републичката заедница на културата што ја утврди Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 28 јануари 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-361
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**49.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО 1987 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување средства за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност во 1987 година, што ја утврди Собранието на Републичката заедница за научно-истражувачката дејност на седницата одржана на 23 декември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-362
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**50.**

Врз основа на член 221 од Законот за предучилишното и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83) и член 46 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" број 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИЧКА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се потврдува Самоуправната спогодба за здружување во Републичка самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата што ја донесе Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 29 април 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-359
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**51.**

Врз основа на член 221 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83) и член 46 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" број 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се потврдува Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, што го донесе Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 29 април 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-360
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**52.**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за сценско-уметничката дејност („Службен весник на СРМ" број 4/86), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ НА МАКЕДОНИЈА „ТАНЕЦ" — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Ансамблот за

народни игри и песни на Македонија „Танец“ — Скопје на одредбите што се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето на тие работи, што ја донесоа работниците на Ансамблот за народни песни и игри на Македонија „Танец“, на референдумот одржан на 26 септември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-365
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**53.**

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ“ број 33/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „ПЕЛИСТЕР“ — БИТОЛА

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основната организација на здружениот труд за заштита на Националниот парк „Пелистер“ — Битола, што се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи, што го донесоа работниците на ООЗТ за заштита на Националниот парк „Пелистер“ — Битола, на референдумот одржан на 20 февруари 1984 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-364
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**54.**

Врз основа на член 6 од Законот за самоуправната интересна заедница за заштита од градобијност („Службен весник на СРМ“ број 23/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ

Се потврдува Статутарната одлука за изменување на Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност, на седницата одржана на 19 јуни 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-363
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**55.**

Врз основа на член 58 од Законот за системите за врски, за радио-сообраќај и поштенско-телеграфски и телефонски сообраќај („Службен весник на СРМ“ број 14/79), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА РО ЗА ПТТ СООБРАЌАЈ „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет на РО за ПТТ сообраќај „Скопје“ — Скопје, со која за директор е именуван Радослав Велјановски, сегашен генерален директор на оваа организација.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-260
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**56.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ на седницата, одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕТО НА РО СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“, И ВО НЕГОВИТЕ ООЗТ — „ИСХРАНА“ И „СМЕСТУВАЊЕ“

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во органот на управувањето на РО Студентски центар „Скопје“ и неговите ООЗТ „Исхрана“ и „Сместување“, поради истек на времето за кое се именувани:

Никола Попов,

Драган Петревски и

Стефанка Златановска.

За претставници на општествената заедница во органот на управувањето на РО Студентски центар „Скопје“ и во неговите ООЗТ „Исхрана“ и „Сместување“ се именуваат:

а) во Советот на РО Студентски центар „Скопје“:

Предраг Пенушлиски, потпретседател на Собранието на град Скопје,

б) во Советот на ООЗТ „Исхрана“:

м-р Методија Несторовски, потпретседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ и

в) во Советот на ООЗТ „Сместување“

м-р Сандре Нонкуловски, советник во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-261
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**57.**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" број 27/86), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 28 јануари 1987 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ПРЕМЕР И КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

### I

Со оваа програма се определуваат општите работи од премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите кои ќе се извршуваат во Републиката во периодот од 1986 до 1990 година, како и потребните средства за извршување на Програмата.

Во периодот од 1986 до 1990 година, премер и установување на катастарот на недвижностите ќе се врши во подрачјата на општините: Тетово, Крива Паланка, Кратово, Скопје, Прилеп, Титов Велес и Струмица. Премер на градовите Титов Велес и Струмица ќе се врши доколку општината Титов Велес, односно општината Струмица го извршат мерењето и увидот на зградите, деловите од згради (становите), гаражите, помошните и други објекти во градот Титов Велес, односно во градот Струмица. Во овие општински подрачја премерот и установувањето на катастарот опфаќа:

— продолжување и довршување на премерот кој е отпочнат во претходното среднорочје и е во тек;

— отпочнување на нов премер и

— бонитирање на земјиштето.

Продолжување и завршување на работите од премерот кој е во тек ќе се врши во подрачјата на општините: Тетово, Крива Паланка, Скопје, Титов Велес и Струмица.

Отпочнување на нов премер ќе се врши во подрачјата на општините Крива Паланка, Кратово, Прилеп и Скопје.

Ќе се извршат припремни работи за бонитирање на земјиштето и ќе се отпочне со бонитирање на земјиштето во Републиката.

### II. ВИДОВИ НА РАБОТА И ОБЕМ

Премерот и установувањето на катастарот на недвижностите предвидени со Програмата за периодот од 1986 до 1990 година ги опфаќа следниве работи: подготвување на земјиштето за авионско снимање, поставување и одредување на врзни точки, авионско снимање на земјиштето, дешифрирање на снимениот детал, пресметување на координати и коти на врзани точки, реституција на снимениот детал, изработување на геодетски планови на снименото земјиште, катастарско класирање на земјиштето, пресметување на површините на парцелите на снименото земјиште, дополнителен премер на недвижностите, мерење и вршење увид на згради, делови од згради (станови) и други објекти, излагање на јавен увид на податоците од премерот на недвижностите, изготвување на катастарски операт на недвижностите на премереното подрачје и умножување на изработените планови (репродукција).

**1. Подготвување на земјиштето за авионско снимање**

Ќе се изврши подготвување на земјиштето за авионско снимање на: непремереното подрачје на општина Крива Паланка кое ги опфаќа следниве 14 катастарски општини (во натамошниот текст КО): Б' с, Герман, Гулинци, Дренок, Дурачка Река, Кривикамен, Мартиница, Метежево, Неров, Огут, Паклиште, Подржикон, Станча и Станци на вкупна површина од 22.699 хектари; на непремереното подрачје на општина Кратово кое ги опфаќа следниве 2 КО: Кнежево и Емирица на површина од 4.249 хектари; на подрачјето на општина Прилеп на 2 КО: градот Прилеп и Варош на површина од 6.068 хектари и на подрачјето на општините на градот Скопје кое ги опфаќа следниве 18 КО: Скопје, Бутел, Г. Д. Оризари, Визбегово, Кисела Вода, Сопиште, Долно Лисиче, Горно Лисиче, Драчево, Усје, Маџари, Инџиково, Синѓелиќ, Нерези, Долно и Горно Водно, Бардовци и Злокуќани на површина од 13.197 хектари.

**2. Поставување и одредување на врзни точки**

Ќе се изврши поставување и одредување на врзни точки на земјиштето на кое ќе се врши премер на подрачјето на: општина Крива Паланка на површина од 22.699 хектари; општина Кратово на површина од 4.249 хектари; општина Прилеп на 2 КО: градот Прилеп и Варош на површина од 6.068 хектари и општините на град Скопје на површина од 13.197 хектари.

**3. Авионско снимање на земјиштето**

Ќе се изврши авионско снимање на земјиштето и ќе се изработат контакт копии и фото-скици на подрачјето на општина Прилеп на 2 КО: градот Прилеп и Варош на површина од 6.068 хектари; на непремереното подрачје на општина Крива Паланка кое опфаќа 14 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 22.699 хектари; на подрачјето на општина Кратово кое опфаќа 2 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 4.249 хектари и на подрачјето на општините на град Скопје кое опфаќа 18 КО (поименично дадени во точка број 1) на површина од 13.197 хектари.

**4. Дешифрирање на снименото земјиште**

Ќе се изврши дешифрирање на деталот на снименото земјиште на подрачјето на: општина Прилеп на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 6.068 хектари; општина Крива Паланка на 14 КО (поименично дадени во точка број 1) во размер 1:2500 на површина од 22.699 хектари; општина Кратово на 2 КО (поименично дадени во точка број 1) во размер 1:2500 на површина од 4.249 хектари; и на општините на градот Скопје на 18 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 13.197 хектари од која во размер 1:1000 на површина од 4.879 хектари, во размер 1:2500 на другиот дел на површина од 8.318 хектари.

**5. Пресметување на координати и коти на врзни точки**

Ќе се изврши пресметување на координати и коти на врзни точки кои се наоѓаат на снименото подрачје на: општина Прилеп на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 6.068 хектари; општина Крива Паланка на 14 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 22.699 хектари; општина Кратово на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 4.249 хектари; општините на град Скопје на 18 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 13.197 хектари.

**6. Реституција на снименото земјиште**

Ќе се изврши реституција на деталот на снименото земјиште на подрачјето на: општина Прилеп на 2 КО: градот Прилеп и Варош во размер 1:1000 на површина од 1.138 хектари и во размер 1:2500 на површина од 4.929 хектари; општина Крива Паланка на 14 КО (поименично дадени во точка бр. 1) во размер 1:2500 на површина од 22.699 хектари; општина Кратово на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 1) во размер 1:2500 на површина од 4.249 хектари; општините на град Скопје на 18 КО во размер 1 : 1000 на површина од 4.879 хектари и во размер 1:2500 на по-

вршина од 8.318 хектари и делумно на градовите Титов Велес и Струмица (деталот од дополнителниот премер на земјиштето).

**7. Картографска обработка на планови**

Ќе се изврши картографска обработка на плановите на земјиштето на снименото подрачје на: општина Прилеп на 2 КО: град Прилеп и Варош во размер 1:2500 на површина од 4.929 хектари и во размер 1:1000 на површина од 1.138 хектари; општина Крива Паланка на 14 КО во размер 1:2500 на површина од 22.699 хектари; општина Кратово на 2 КО во размер 1:2500 на површина од 4.249 хектари; општините на град Скопје во размер 1:1000 на површина од 4.879 хектари и во размер 1:2500 на површина од 8.318 хектари и делумно на градовите Титов Велес и Струмица (делот од дополнителниот премер на земјиштето).

**8. Пресметување на површини на земјиштето**

Ќе се изврши пресметување на површините на парцелите на снименото подрачје на: општина Прилеп и 2 КО: град Прилеп и Варош во размер 1 : 1000 на површина 1.138 хектари и во размер 1 : 2500 на површина од 4.249 хектари; општина Крива Паланка на 36 КО (поименично дадени во точка бр. 1) во размер 1:1000 на површина од 450 хектари и во размер 1:2500 на површина од 51.184 хектари; општина Кратово на 2 КО во размер 1:2500 на површина од 4.249 хектари; општина Тетово на 5 КО: град Тетово — надвор од градот: Мала Речица, Голема Речица, Порој и Џепчиште во размер 1:1000 на површина од 370 хектари и во размер 1:2500 на површина од 4.068 хектари; општините на град Скопје во размер 1:1000 на површина од 4.879 хектари и во размер 1:2500 на површина од 8.318 хектари и делумно на градовите Титов Велес и Струмица (катастарските парцели од дополнителниот премер).

**9. Катастарско класирање на земјиштето**

Ќе се изврши катастарско класирање на снименото земјиште на подрачјето на општина Крива Паланка на 14 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 22.699 хектари; општина Кратово на 2 КО на површина од 4.249 хектари; општина Прилеп на 2 КО на површина од 6.068 хектари и општините на град Скопје на 15 КО на површина од 8.318 хектари.

**10. Дополнителен премер — реамбулација**

Ќе се изврши дополнителен премер и реамбулација на настанатите измени на снименото земјиште кои настанале во времето од авионското снимање на земјиштето до излагањето на јавен увид на податоците од премерот на недвижностите.

Дополнителниот премер ќе се изврши на земјиштето каде што премерот е во тек на подрачјето на: општина Крива Паланка на 21 КО (поименично дадени во точка бр. 1) на површина од 28.449 хектари; општина Прилеп на 2 КО: градот Прилеп и Варош на површина од 1.138 хектари; општина Тетово на 5 КО (поименично дадени во точка бр. 8) со градот Тетово; општините на град Скопје на 11 КО на површина од 4.443 хектари; општина Струмица — градот Струмица и општина Титов Велес — градот Титов Велес.

Реамбулација (снимање на новоизградените објекти) ќе се изврши на градот Крива Паланка на површина од 400 хектари на кого премерот е извршен во 1967 година.

**11. Мерење и вршење увид на згради**

Ќе се изврши мерење и вршење увид на зградите, деловите од зградите (становите), деловните простории, стопанските и јавните и други објекти, гаражи, шупи, помошни простории и друго на подрачјето каде што се врши премер на: општина Крива Паланка на 36 КО: Б' с, Герман, Гуларци, Дренок, Дурачка Река, Кривикамен, Мартиница, Метежево, Неров, Огут, Паклиште, Подржиконь Станча, Станци, Борово, Одрено, Т'лиманци, Конопница, Псача, Вѐтуница, Мождивјак, Ранковци, Длабочица, Гиновци, Петралица, Градец, Опила, Љубанци, Радибуш, Баштево, Вржогранци, Отошница, Габар, Осиче и градот Крива Паланка; општина Кратово на 2 КО (Кнежево и Елирица); општина Прилеп на 2 КО град Прилеп и Варош; општина Тетово на 5 КО (поименично дадени во точка 8); општините на градот Скопје на 23 КО: Скопје, Горно Водно, Долно Водно, Нерези, Сарај, Ѓорче Петров, Оризари, Ново Село, Злокуќани, Бардовци, Тафталиџе, Маџари, Инџиково, Синѓелиќ, Горно Лисиче, Долно Лисиче, Усије, Драчево, Сопиште, Кисела Вода, Бутел, Долно Оризари и Горно Оризари и Визбегово, општина Титов Велес — градот Титов Велес и општина Струмица — градот Струмица.

**12. Излагање на јавен увид на податоците од премерот на недвижности**

Ќе се изврши излагање на јавен увид на податоците од премерот на недвижностите при што ќе се утврдуваат и запишуваат правата на недвижностите, како и товарите кои постојат на тие права на подрачјето на: општина Крива Паланка на 36 КО (поименично дадени во точка бр. 11) на површина од 51.634 хектари; општина Кратово на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 11) на површина од 4.249 хектари; општина Тетово на 5 КО (поименично дадени во точка бр. 8) на површина од 4.067 хектари; општина Прилеп на 2 КО градот Прилеп и Варош на површина од 6.068 хектари; општините на град Скопје на 23 КО (поименично дадени во точка бр. 11) на површина од 17.640 хектари; општина Титов Велес — градот Титов Велес на површина од 800 хектари и општина Струмица — градот Струмица на површина од 700 хектари.

**13. Изработка на катастарски операти**

Ќе се изработат, по механографски пат, катастарски операти на недвижностите посебно за секоја катастарска општина на премереното подрачје на: општина Крива Паланка на 36 КО (поименично дадени во точка бр 11) на површина од 51.634 хектари; општина Кратово на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 11) на површина од 4.249 хектари; општина Прилеп на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 11) на површина од 6.068 хектари; општина Тетово на 5 КО (поименично дадени во точка бр. 8) на површина од 4.067 хектари; општините на град Скопје на 23 КО (поименично дадени во точка бр. 11) на површина од 17.640 хектари; општина Титов Велес — градот Титов Велес и општина Струмица — градот Струмица.

Со изработката на оператите дефинитивно ќе биде установена катастарска евиденција со сите податоци за недвижностите добиени од премерот кој е извршен според Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, за секоја катастарска општина посебно на подрачјата на општините каде што ќе се врши премер.

**14. Репродукција на планови**

Ќе се изврши репродукција на изработените планови на премереното подрачје на: општина Крива Паланка на 36 КО (поименично дадени во точка бр. 11) во размер 1:1000 на 12 плана (листа) на површина од 450 хектари и во размер 1:2500 на 174 плана на површина од 51.184 хектари; општина Кратово на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 11) во размер 1:2500 на 21 план на површина од 4.249 хектари; општина Прилеп на 2 КО (поименично дадени во точка бр. 11) во размер 1:1000 на 40 плана и во размер 1:2500 на 32 плана на површина од 4.929 хектари; општина Тетово на 5 КО (поименично дадени во точка бр. 8) во размер 1:1000 на 48 плана на површина од 1.140 хектари и во размер 1:2500 на 22 листа на површина од 2.928 хектари; општините на град

Скопје на 23 КО (поименично дадени во точка бр. 11) во размер 1:1000 на 330 плана на површина од 9.322 хектари и во размер 1:2500 на 48 плана на површина од 8.318 хектари, општина Титов Велес — градот Титов Велес на површина од 800 хектари 81 план и општина Струмица — градот Струмица на површина од 700 хектари 35 плана.

15. Во овој период ќе се изврши и одржување на катастарските операти на 1.718 катастарски општини (1.718 катастарски операти) што ги има во Републиката. Одржувањето ќе се врши во електронскиот сметачки центар во Републичката геодетска управа по механографски пат и тоа опфаќа:

— спроведување во катастарските операти на настанатите измени на податоците од премерот кој е извршен според стариот Закон за премер и катастар на земјиштето, како и според новиот Закон за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Бројот на измените годишно ќе изнесуваат околу 150 000, и

— одржување на системот за пресметување на катастарскиот приход и облогот кој служи за оданочување на граѓаните кои остваруваат приход од земјоделска дејност. Даночни обврзници на територијата на СР Македонија има околу 300.000.

16. Во ова среднорочје ќе се утврдуваат методологијата и критериумите врз чија основа ќе се врши бонитирање на земјиштето. Исто така, ќе се утврдуваат бонитетни огледни земјишта на одредени подрачја во Републиката и ќе се отпочне со бонитирање на плодното земјиште.

17. Во овој период ќе се вршат и основни геодетски работи на територијата на Републиката:

— поставување, одредување и пресметување на координати и коти на геодетски точки на градска тригонометриска, полигонометриска мрежа, како и поставување и одредување коти и точки (репери) на прецизен нивелман на подрачјето на град Прилеп,

— ќе се изработи студија на состојбата на податоците од теренските мерења и ќе се изврши пресметување на висините (коти) на точките (репери) на мрежата на нивелманот од висока точност која се наоѓа на територијата на нашата Република; и

— ќе се изработи студија на состојбата на досегашните работи на астрогеодетската мрежа и на тријангулацијата поставена на територијата на земјата, за делот на територијата на Републиката. Тријангулацијата на територијата на земјата е единствена за целата земја и работата на оваа мрежа е во надлежност на републиките и покраините на секоја од нив за делот од мрежата кој се наоѓа на својата територија. Заради ова работата на оваа мрежа ќе се утврдува и извршува спогодбено со републичките и покраинските геодетски управи во земјата.

За потребата од проширување на обемот на работите на премерот и катастарот на недвижностите на подрачја каде што органите, организациите и заедниците вршат, за свои потреби, геодетски работи за посебни намени во врска со член 102 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, а со цел тие да се користат за премер и катастар на недвижностите, органите, организациите и заедниците учествуваат во обезбедувањето средства за финансирање на работите на премерот и катастарот на недвижностите, во зависност од обемот на работите за посебни намени што треба да се извршат.

За извршување на работите меѓу Републичката геодетска управа и органите, организациите и заедниците ќе се склучи договор.

### III ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА И ДИНАМИКА ПО ГОДИНИ

За извршување на работите од оваа програма се обезбедуваат средства за републичкиот буџет за секоја година и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| — 1986 година | 150.000.000 | динари; |
| — 1987 „ | 250.000.000 | „ |
| — 1988 „ | 400.000.000 | „ |
| — 1989 „ | 500.000.000 | „ |
| — 1990 „ | 500.000.000 | „ |

Висината на средствата од став 1 на оваа глава се утврдува според трошоците на премерот и катастарот на недвижностите во 1986 година. Висината на средствата за секоја година ќе се валоризираат според реалните трошоци на премерот и катастарот на недвижностите во годината за која се вршат.

Средствата што нема да се искористат во тековната година се пренесуваат во наредната година.

### IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-331
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигоровски,** с. р.

**58.**

Врз основа на член 11 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ“, бр. 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85 и 46/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат од плаќање на данок од доход во 1987 година организациите на здружен труд од областа 01 — Рудници со јамски коп, областа 12 — Образование, наука, култура и информации (освен подгрупата 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови) и областа 13 — Здравствена и социјална заштита, (освен подгрупата 130160 — Аптеки).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 23-218/1
29 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**59.**

Врз основа на член 45, став 3 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77 и 37/83), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ ДА ОДОБРУВА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ТЕКОВНАТА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1987 ГОДИНА

1. Се овластува републичкиот секретар за финансии да одобрува користење на средства од тековната

буџетска резерва на Републичкиот буџет за 1987 година, кои по одделни барања не го надминуваат износот од 1.000.000 динари.

2. За користењето на средствата од точка 1 на ова решение, републичкиот секретар за финансии му поднесува повремени извештаи на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-174/1
29 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**60.**

Врз основа на член 41 од Законот за општествените совети и републичките општествени совети („Службен весник на СРМ“ бр. 24/80) и член 48 од Деловникот на Општествениот совет за прашања на општественото уредување, Републичкиот општествен совет, на седницата одржана на 16 јануари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА СЕКРЕТАР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА ПРАШАЊА НА ОПШТЕСТВЕНОТО УРЕДУВАЊЕ

1. За секретар на Републичкиот општествен совет за прашања на општественото уредување се именува Милан Илиески, досегашен секретар на Советот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 28-1/1
20 јануари 1987 година
Скопје

Претседател на Советот,
д-р **Трајче Грујоски,** с. р.

---

**61.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа одржана на 4 декември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 15 точка 3 и 5 од Правилникот за условите и критериумите за добивање станови во општествена сопственост, донесен од работниците во Основната организација на здружениот труд за издавање на весници Редакција „Нова Македонија“, во состав на Новинско издавачката и печатарска работна организација „Нова Македонија“ — Скопје, со референдум одржан на 6 декември 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената организација, на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија ,со решение У. бр. 58/86 од 25 јуни 1986 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 15 точка 3 и 5 од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што: оценка на резултатите од трудот на работниците дава Колегиумот; по овој основ мерилата (бодовите) се дадени во распон; и основот станбена состојба е помалку вреднуван од другите основи.

4. На седницата и на јавната расправа Судот утврди дека, во член 15 точка 5 од означениот Правилник, како основ за определување редот на првенство за добивање стан на користење се предвидени трудот и резултатите од трудот. По тој основ, според оценка на Колегиумот, вработениот може да добие од 0—25 бода. Тоа значи дека бодовите по овој основ се дадени во распон. Воедно, Судот утврди дека бројот на бодовите, што можат да се добијат во секој конкретен случај, не се определува според објективизирани основи и мерила за оценка на резултатите од трудот, туку само според оценката на Колегиумот.

Разгледувајќи го Статутот на Основната организација, Судот утврди дека според неговиот член 135 во таа организација се формира редакциски колегиум кој го сочинуваат: индивидуалниот работоводен орган; неговиот заменик; неговиот помошник; уредниците на рубрики; уредниците на изданијата на весникот со статус на рубрики; организаторот на редакцијата; и членовите кои ги избира работничкиот совет. Тој колегиум е стручно тело, а не орган или комисија која е формирана од работничкиот совет.

Според член 181 став 2 од Законот за здружениот труд, за поединечните права, обврски и одговорности на работниците одлучува работничкиот совет или комисија која тој ќе ја формира.

Според член 493 став 3 од означениот Закон, во работничкиот совет на основната организација не може да биде избран работник кој како индивидуален работоводен орган односно како претседател или член на колегијален работоводен орган одговара пред тој совет, како ни други работници со посебни овластувања и одговорности определени со статутот на основната организација и со законот, како што се заменикот и помошникот на работоводниот орган, раководителите на одделни сектори, или други работници со посебни овластувања и одговорности кои се непосредно одговорни пред работничкиот совет.

Од изнесената законска одредба произлегува дека, по правило, за поединечните права и обврски на работниците одлучува работничкиот совет. Меѓутоа, за одлучувањето за тие поединечни права и обврски работничкиот совет може да формира посебна комисија која ќе одлучува место него. Со оглед на тоа што таквата комисија, што ја формира работничкиот совет, одлучува за прашања за кои би требало да одлучува тој совет, Судот смета дека и во неа, во смисла на член 493 став 3 од Законот за здружениот труд, не можат да бидат избрани лица кои не можат да бидат избирани во работничкиот совет.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај за оценката на трудот и резултатите од трудот одлучува Колегиумот кој не е овластен да одлучува за поединечните права, обврски и одговорности на работниците и да врши оценување на трудот и резултатите од трудот, а не работничкиот совет на Основната организација или комисија која тој ја формира, Судот утврди дека член 15 точка 5 од Правилникот е во спротивност со член 181 став 2 од Законот за здружениот труд.

Понатаму, според член 42 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ“ бр. 36/73, 14/85 и 27/86) со самоуправен општ акт за доделување станови на користење се утврдуваат начинот, условите и редот на првенство за добивање на станови. Притоа, придонесот за работата како еден од основите за добивање стан на користење, според член 129 став 3 од Законот за здружениот труд, зависи од квантитативното и квалитативното извршување на работите и работните задачи, од нивниот обем, сложеност, од квалитетот и резултатите од трудот, користењето на работното време, одговорноста во работата, условите под кои работи работникот и друго.

Со оглед на тоа што во член 15 точка 5 од оспорениот акт мерилата (бодовите) за придонесот во работата се утврдени во распон, без објективизирани основи и мерила за оценка на резултатите од

трудот, Судот утврди дека оспорената одредба од означениот Правилник не е во согласност со член 42 од Законот за станбени односи и е во спротивност со член 129 став 3 од Законот за здружениот труд.

5. Судот, исто така, утврди дека во рамките на основот станбени услови во член 15 точка 3 од Правилникот се предвидени бодови само за потстанарот и состанарот, но не и за другите категории станбено загрозени работници. Судот исто така, утврди дека по овој основ работникот може да добие најмногу 10 бода, додека по основот здравствена состојба тој добива 20 бода, по основот работен стаж — за секоја година по 1 бод (а тоа значи најмногу 40 бода), по основот труд и резултати од трудот 25 бода и слично. На тој начин основот станбена состојба помалку е вреднуван од другите основи, иако тој треба да има доминантно влијание врз утврдувањето редот на првенство за доделување на користење станови во општествена сопственост.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека, поради ваквото вреднување на овој основ, член 15 точка 3 од означениот Правилник не е во согласност со уставното начело на заемност и солидарност.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука

У. бр. 58/86
4 декември 1986 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**39.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81) и член 47 точка 6 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 6 февруари 1987 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО И ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварувањето и висината на додатокот на деца, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 6/86.

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

„На дете, на кое општествената заедница му обезбедува целосно бесплатно издржување не се исплатува додаток на деца, освен на дете без родителска грижа, сместено во друго семејство“.

Член 3

Во членот 11, алинеите 1 и 2 се заменуваат со нови алинеи кои гласат:

„— на дете од предучилишна возраст и во основно училиште;

— на дете во средно училиште;

— на дете во виша и висока школа.“

Член 4

Во член 19 точка 1 бројот „10.200“ се заменува со бројот „20.400“.

Во истиот член, точка 2 бројот „15.300“ се заменува со бројот „30.600“.

Член 5

Во член 21 по точката 12 се додава нова точка 13 која гласи:

„Надоместокот за дете без родителска грижа сместено во семејството“.

Член 6

По членот 21 се додава нов член 21-а кој гласи:

„Во вкупните приходи на детето без родителска грижа сместено во друго семејство не влегува надоместокот за неговото сместување“.

Член 7

Ставот 1 во член 24 се менува и гласи:

„Остварените приходи на семејството по еден или повеќе основи се собираат, а потоа се делат на 12 месеци и добиениот месечен приход се дели на бројот на членовите на семејството“.

Член 8

Во членот 33 точка 6 по зборот „брак“, се бришe запирката и место неа се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член во точката 7 по зборот „брак“, се става точка и запирка, а зборовите што следат се бришат.

Во истиот член по точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„Дете кое по смртта на едниот родител остварило право на пензија, а другиот родител со кого живее не е во работен однос“.

Член 9

Во членот 37 став 2 ред четврти, бројот „3410“ се заменува со бројот „6820“.

Во истиот став ред петти бројот „2700“, се заменува со бројот „5400“.

Во истиот став ред 7 бројот „35810“ се заменува со бројот „71620“.

Член 10

Во член 38 во последниот ред бројот „2700“ се заменува со бројот „5400“.

Член 11

Во членот 48 став 2 се бришат последните зборови: „соодветно решение“, а место нив се додава зборот „заклучок“.

Член 12

Во членот 49 место називот „Републичка самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата“ да стои „Републичка самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата“.

Член 13

По членот 52 се додава нов член 52-а кој гласи:

„Начинот на остварување на додатокот на деца за децата без родителска грижа сместени во друго семејство ќе биде регулиран со посебен самоуправен општ акт или упатство“.

Член 14

Членот 53 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството, корисниците на додатокот на деца се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството не го надминува износот од 12.240 д.;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 12.241 до 20.400 дин.;

Член 15

Членот 54 се менува и гласи:

„Во зависност од остварените вкупни приходи на семејството (самохран родител со деца), корисниците на додаток на деца, се распоредуваат во две цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството не го надминува износот од 18.400 дин.;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 18.401 до 30.600 дин.

Член 16

Членот 55 се менува и гласи:

„Висината на додатокот на деца изнесува:

1. Во I цензусна група:

| | |
|---|---|
| — за дете од предучилишна возраст и дете во основно училиште | 6.200 дин. |
| — за дете во средно училиште | 8.000 дин. |
| — за дете во виша и висока школа | 11.000 дин. |

2. Во II цензусна група:

| | |
|---|---|
| — за дете од предучилишна возраст и дете во основно училиште | 4.600 дин. |
| — за дете во средно училиште | 6.500 дин. |
| — за дете во виша и висока школа | 8.300 дин." |

Член 17

Оваа одлука влегува во сила од 1 април 1987 година.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на условите, начинот на остварувањето и висината на додаток на деца за 1986 година („Службен весник на СРМ" бр. 30/86).

Член 18

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-100/5
6 февруари 1987 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**40.**

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 6 февруари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ДЕЦА И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1987 ГОДИНА НА РУДНИЦИ И ИНДУСТРИЈА „ФЕНИ" — КАВАДАРЦИ

Член 1

Рудници и индустрија за никел и антимон „Фени" — Кавадарци, во делот на објектот кој мирува, се ослободува од обврска за здружување средства од личен доход од вработените, во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за остварување на додаток на деца и основно образование за 1987 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година до 31 декември 1987 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-100/3
6 февруари 1987 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**41.**

Врз основа на член 57 од Законот за општествена заштита на децата и член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 6 февруари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСМЕТКОВНА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ДЕЦА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Во член 1 ,став 2 ред втори по бројот во загради „12012", се става запирка и се додаваат зборовите: „ученички и студентски домови (130212)".

Во истиот член, став 3 ред четврти, бројката во загради „(120340)" се заменува со бројката „(120341)".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1 јануари 1987 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-100/4
6 февруари 1987 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд е покрената постапка за амортизација на изгубен чек под бр. 6420001, издаден од Воениот сервис на Народна банка на Југославија, а на предлагачот Раковиќ Момчило.

Се моли секој оној кај кого се наоѓа овој чек или во меѓувреме го најде, за тоа да го извести судот во рок од 60 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно, чекот ќе биде поништен.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Р. бр. 260/86. (20)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Лесковица Неџип од Скопје, ул. „Исаија Мажовски" згр. 36. вл. I/8, против тужената Лесковица Фикрета од Скопје, бул. „Македонско косовска ударна бригада" бр. 22, Скопје, сега на работа во странство, со непозната адреса. Вредност на спорот неопределена.

Се повикува тужената Лесковица Фикрета од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапувана од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XII П. бр. 3918/86.

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води постапка за сопственост по тужбата на тужителките Сафије Адеми и Шеќибе Адеми од с. Градец, Гостиварско, против тужениот Ријан Тахири од с. Г. Седларце, Тетовско, а сега во странство со непозната адреса.

Се повикува лицето Ријан Џелал Тахири од с. Горно Седларце, СО Тетово, а сега со непознато место на живеење во странство, да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, да достави своја адреса или да постави свој полномошник. Во спротивно, на истиот судот ќе му постави привремен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1868/86.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за утврдување на сопственост на стан по тужбата на тужителите Смилевски Трпе и Смилевска Снежана, двајцата од Тетово, против тужениот Изаири Саќип од Тетово, ул. „Орце Николов“ бр. 15, сега со непозната адреса во САД.

Се повикува тужениот Изаири Саќип да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или да одреди свој полномошник кој што ќе ги штити неговите интереси во оваа постапка. По истекот на рокот, на тужениот ќе му биде поставен привремен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово кој што ќе ги штити неговите интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 104/87.

---

СЛУЖБЕНА ОБЈАВА

за запишување во регистарот на производители и доработувачи на земјоделско семе.

Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — Скопје, во смисла на член 24 став 4 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), објавува дека во Регистарот на производители и доработувачи на земјоделско семе е запишана следната организација на здружениот труд.

Земјоделски комбинат „Прогрес“ Дебар за производство на луцерка. Регистарски број 23, решение бр. 10-3199/2 од 8. I. 1987 година.

Скопје, бр. 10-3199/2 од 18 декември 1986 година

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Воена книшка на име Руфат Џафери, с. М. Речица, Тетово. (35)

Сообраќајна дозвола на име Ќаил Таири, с. Желино, Тетово. (40)

Воена книшка на име Сервет Лумани, ул. „Ж. Брајковски“ бр. 65, Гостивар. (45)

Возачка дозвола на име Светозар Николов, с. Теранци, Кочани. (67)

Свидетелство за завршено основно образование на име Димитровска Трајанка, с. Стамер, Делчево.

Тековна сметка бр. 1550007970, издадена од Југобанка — Скопје на име Глигор Буцевски, ул. „Киро Крстев“ бр. 12, Скопје. (172)

Тековна сметка бр. 80710155039089 и загубените чекови од бр. 0636637 до 0636640, издадени од Југобанка — Скопје на име Лилјана Веселиновска, Скопје. (200)

Работна книшка на име Ибраим Алијов, Радовиш. (27)

Работна книшка на име Шемса Касами, Тетово.

Работна книшка на име Жикица Јаќимовски, Куманово. (54)

---

Загубениот тркалезен печат под назив: „Училиште за средно образование „Орце Николов“ ц. о. — Скопје СР Македонија“ се огласува за неважен. (169)

Работна книшка на име Живорад Трајковиќ, Куманово. (55)

Работна книшка на име Елми Рамани, Куманово. (56)

Работна книшка на име Петре Лазарков, Неготино. (63)

Работна книшка на име Спиро Пргов, Кочани.

Работна книшка на име Вена Димитрова, Кочани. (70)

Оружен лист бр.09297, издаден од СВР — Скопје на име Јованче Богоевски, Скопје. (77)

Работна книшка на име Мира Арсовска, Куманово. (80)

Работна книшка бр. 37907 на име Бранислав Дамјаноски, Тетово. (103)

Работна книшка бр. 18113 на име Владимир Милески, Тетово. (104)

Работна книшка на име Миле Вилевски, ул. Малешевска“ бр. 16-а, нас. Драчево, Скопје. (129)

Работна книшка на име Сали Џелал, Охрид. (131)

Работна книшка на име Усниќенан Рамани, Тетово. (134)

Работна книшка на име Шемшат Касами, Тетово. (140)

Работна книшка на име Енвер Османи, Тетово.

Работна книшка на име Ресул Мусаи, Тетово.

Работна книшка на име Арзије Рамадани, Гостивар. (153)

Свидетелство за VIII одделение на име Шилибаре Џафери, Гостивар. (160)

Работна книшка на име Шилибаре Џафери, Гостивар. (161)

Работна книшка на име Амиле Кадриова, Виница.

Работна книшка на име Лиљана Филовска, Струга. (182)

Работна книшка на име Исниќенан Рамани, Тетово. (187)

Сообраќајна дозвола и возачка дозвола на име Драган Крстевски, с. Лопате, Куманово. (222)

Воена книшка на име Светислав Нестороски, ул. „Т. Ципоски“ бр. 35, Тетово. (278)

Возачка дозвола на име Иснаф Зенделоски, с. Лабуништа, Струга. (311)

Воена книшка и возачка дозвола, издадени од СНО — Куманово на име Емини Џеват, с. Слупчане, Куманово. (348)

Воена книшка на име Љатиф Тајроски, с. Октиси, Струга. (359)

Сообраќајна дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Илми Хамзаи, с. Требош, Тетово. (357)

Воена книшка, издадена од ОНО — Берово на име Атанас Котевски, с. Црник, Берово. (398)

Воена книшка, издадена од ОНО — Македонски Брод на име Алиоски Сафиндин, с. Пласница, Македонски Брод. (438)

Пасош бр. 925459, издаден од ОВР — Македонски Брод на име Максут Адемовски, с. Преглево, Македонски Брод. (439)

Воена книшка на име Тасим Ислами, с. Вешала, Тетово. (444)

Книшка за повластено возење на воен инвалид, издадена од Служба за боречко-инвалидска заштита на СО Крива Паланка на име Симеон Ѓорѓиевски, с. Кркља, Крива Паланка. (499)

Сообраќајна дозвола за трактор на име Мухарем Шеји, с. Велешта, Струга. (501)

Сообраќајна дозвола за тракторска приколица на име Недим Коџоџику, с. Велешта, Струга. (502)

Воена книшка на име Бајрам Ферики, с. Гајре, Тетово. (519)

Воена книшка на име Велија Абдулкадир, с. Шипковица, Тетово. (536)

Воена книшка на име Дамјан Тушевски, с. Русиново, Берово. (552)

Воена книшка на име Мијалче Штерјов, с. Стар Караорман, Штип. (571)

Работна книшка на име Екрем Шаќири, Куманово. (219)

Работна книшка на име Светлана Стаменковска, Куманово. (220)

Работна книшка на име Чедомир Златановски, Куманово. (227)

Работна книшка на име Томески Стојко, с. Локвица, Македонски Брод. (236)
Работна книшка на име Бехзат Мисими, Тетово.
Работна книшка на име Џафер Џафери, Тетово.
Работна книшка на име Енвер Идиќ, Кочани.
Работна книшка на име Фадил Ферадов, Радовиш. (289)
Работна книшка на име Љубиша Трајчевски, Куманово. (309)
Работна книшка на име Драги Трајчевски, Куманово. (310)
Работна книшка бр. 4741 на име Севдали Јашаров, Штип. (320)
Работна книшка на име Ласте Димковски, Куманово. (347)
Работна книшка на име Светлана Аризановска, Куманово. (352)
Работна книшка на име Чедомир Алитиќ, Куманово. (354)
Работна книшка на име Милица Тодорова, Крива Паланка. (357)
Работна книшка на име Војчо Давитковски, Крива Паланка. (358)
Работна книшка на име Митрески Васко, ул. „Струшка" бр. 51, Прилеп. (429)
Работна книшка на име Емсал Вејсели, Тетово.
Решение бр. 11-2891 за основање занаетчиски дуќан, дејност: кројачка за машка облека, издадено од СО Чаир — Скопје на име Џеладин Ѓулџеман, Скопје. (457)
Работна книшка на име Исо Салијевски, Куманово.
Работна книшка на име Роберт Трајковски, Куманово. (497)
Работна книшка на име Јован Богдановски, Куманово. (512)
Работна книшка на име Славољуб Здравковски, Куманово. (513)
Работна книшка на име Верица Стаменковска, Куманово. (514)
Работна книшка на име Надица Ефремова, Кратово. (515)
Работна книшка на име Јован Јованоски, Гостивар. (523)
Работна книшка на име Иванка Станисављевиќ, Гостивар. (525)
Работна книшка на име Авди Даути, Струга. (531)
Работна книшка на име Асан Етемовски, Струга.
Работна книшка на име Етем Салија, Тетово.
Работна книшка на име Кирче Апостолов, Штип.
Работна книшка на име Војо Костадиновски, Куманово. (561)
Работна книшка на име Павле Ѓорѓевиќ, Куманово. (562)
Работна книшка на име Драги Милковски, Крива Паланка. (564)
Работна книшка на име Васил Митев, Радовиш.
Меница бр. 08316086, издадена на 10. 12. 1986 год. на износ од 3.840.000 динари од трасант Горица ООУР Хемиска производња — Дуго Село — Дуго Село 30111-601-23147, Авалист: Привредна банка Загреб — 30101-620-37, со валута 28. 02. 1987 година.
Тековна сметка бр. 807105500064 и чекови бр. 0631866, 0631867, 0631868, 0631869 и 0631870, издадени од Југобанка — Скопје, на име Пекевски Јане, Скопје.

---

# КОНКУРСИ

Врз основа на член 43 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 41/75, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на претседател на Основниот суд на здружениот труд во Битола

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 36 од Законот за судовите на здружениот труд пријави да поднесат до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 30 дена од денот на објавувањето.

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на еден судија на Окружниот суд во Скопје, тројца судии на Окружниот суд во Битола и еден судија на Окружниот стопански суд во Битола

Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во член 91 од Законот за редовните судови, пријавите да ги поднесат до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

---

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на еден судија на Окружниот суд во Штип

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 91 од Законот за редовните судови, пријавите да ги поднесат до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

---

Комисијата за избор и именување на Собранието на општината Охрид

ОБЈАВУВА

дека Собранието на општината Охрид ќе врши избор на еден општински судија за прекршоци

Услови:

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови за стекнување својство на работник во органите за државната управа и да се дипломирани правници со положен правосуден испит.

Пријавите со потребните документи да се доставуваат до Комисијата за избор и именување при Собранието на општината Охрид.

Рокот за поднесување на пријави трае 15 дена сметано од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Некомплетираните пријави со потребните документи нема да се земаат предвид при одлучувањето.

---

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови — Пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 17/79 и 46/82), Собранието на општината Гевгелија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор — реизбор на еден судија во Општинскиот суд — Гевгелија

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 91 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79 и 46/82).

Пријавите со документите за докажување исполнувањето на условите, заинтересираните кандидати да ги доставаат до Собранието на општината Гевгелија — Комисија за избори и именувања во рок од 15 дена сметано од денот на објавувањето во весникот „**Нова Македонија**".